Врз основа на член 19 став (1) точка 20) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 24 став (1) точка 4) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Собранието на ИОРРСМ на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на 02.04.2026 година, усвои

# Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за 2025 година

## Содржина


I. Резиме

II. Активности на телата на ИОРРСМ

- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисии на ИОРРСМ

III. Управни и други судски спорови

IV. Финансиски информации

IV. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година


## I. Резиме

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) спроведува активности согласно надлежностите уредени со Законот за ревизија, Статутот и актите на ИОРРСМ.

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во 2025 година спроведе настани со физичко и он-лајн присуство, како и комбинирани настани за **Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластените ревизори**. Во рамките на Годишната програма за КПУ за 2024 година беа спроведени: (1) осум (8) настани за КПУ или вкупно 52 КПУ часа, (2) 46 КПУ часа беа повторно понудени да се проследат преку посебниот модул за електронско следење на КПУ поставен на веб страната на ИОРРСМ за членовите на ИОРРСМ кои немале можност да го проследат настанот при првичното спроведување, (3) меѓународна конференција за која што се признаваа 12 КПУ часа, (4) годишно е-КПУ од вкупно 8 КПУ часа, како и (5) интерактивна е -обука од вкупно 8 КПУ часа, за да им се овозможи на овластените ревизори да ја исполнат законската обврска да посетуваат најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување од областа на сметководството и ревизијата, согласно член 28 од Законот за ревизија.

За одржување на предавања на темите предвидени во Годишната програма за КПУ за 2025 година беа поканети и изразија интерес предавачи: овластени ревизори, претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, членови на комисиите на ИОРРСМ, како и домашни и странски предавачи со други меѓународни сертификати. Вкупно беа опфатени 29 различни теми на КПУ настаните одржани во 2025 година. Предавањата се однесуваа на (а) континуирано професионално образование (меѓународни сметководствени стандарди, меѓународни

стандарди за финансиско известување, меѓународни стандарди за ревизија, законска и даночна регулатива, известување за одржливост, теми од осигурителната дејност, меѓународни стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам и друго), и (б) континуирано професионално усовршување (актуелни теми).




Во 2025 година, во организација на ИОРРСМ, Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ) и IIA Albania, беше одржана заедничка **годишна меѓународна конференција** со наслов *The Power of Cooperation* во Тирана, Албанија.

Спроведувањето на **контрола на квалитетот на ревизорските услуги** согласно Годишниот план за 2024/2025 и 2025/2026 година се одвиваше редовно. Методологијата за организација и спроведување на проверка за контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци е објавена на веб страната на ИОРРСМ, во делот со авторизиран пристап само за членовите на ИОРРСМ. Контролата на квалитет ја спроведуваа двајца вработени контролори на квалитет. Во февруари 2025 година, беше спроведена обука за контролорите на квалитет, согласно член 20 од Законот за ревизија.

ИОРРСМ во 2025 година спроведе три сесии за полагање на **испитот за стекнување на звањето ревизор,** во јуни/јули, септември/ октомври (вонредна испитна сесија) и декември 2025 година. Во 2025 година, четири кандидатите кои ги положија сите испити од *Програмата за полагање на испитот за стекнување звање ревизор* се стекнаа со уверение за ревизор.



Во 2025 година, ИОРРСМ спроведе постапки за **признавање на квалификација за ревизор стекната во странство,** во согласност со *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство*. Во 2025 година, седум баратели ја завршија постапката и се стекнаа со уверение за ревизор.



На 25.09.2025 година, беше одбележан **Меѓународниот ден на ревизорот (#auditorproud).** Денот на ревизорот е настан кој што се одбележува последниот четврток во септември секоја година ширум светот. На настанот присуствуваа членовите на ИОРРСМ, претставници на СУНРРСМ, како и други соработници.

**Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци, и Регистарот на трајно одземени лиценци**, објавени на веб страната на ИОРРСМ, се усогласени со член 30 од Законот за ревизија и се ажурираат согласно доставените Изјави за ажурирање на податоци од страна на членовите на ИОРРСМ.

Во 2025 година беа зачленети следните:

- Седум (7) овластени ревизори: Марина Веселинска, Марина Ристеска Богатиноска, Елена Николовска, Марија Левкова, Ангела Тилева Караџовска, Магдалена Ивановска Ралевска и Ристе Златевски.

Во 2025 година им престана членството на следните:

- Тројца (3) овластени ревизори: Кристина Тилиќ, Стоил Стоименовски и Роза Попова Ристевска.
- Две (2) друштва за ревизија: Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје и Друштво за ревизиски, консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДОО Скопје.

## *Сумарни податоци и статистики*

На следните графикони е прикажано: движењето на бројот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци, членови на ИОРРСМ за периодот од 2019 до 2024 година; распределба на членови – вработени во друштва за ревизија и кај овластени ревизори – трговци поединци наспроти вработени во реален сектор; процентуално учество на мажи и жени  во вкупниот број на членови на ИОРРСМ на 31.12.2025; и старосна структура на членовите на ИОРРСМ  на 31.12.2025 година:



























На следните графикони е прикажано движењето на приходите од услуги на ревизија и услуги поврзани со ревизија наспроти приходи од неревизорски услуги за периодот 2018 - 2024 година, и вкупен број на вработени кај друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци за периодот 2019 – 2025 година:






## *Меѓународна соработка*

### ***IFAC***[1]

Во 2025 година, ИОРРСМ како полноправна членка на IFAC, имаше комуникација со одговорните лица во IFAC и како редовни дискусии за известување на годишно ниво, за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности. Се одвиваа и редовни состаноци со претставници на IFAC, Jelena Misita и Sarah Gagnon за дискусија за придонесот на IFAC и учество на панел дискусија на Регоналната Конференција за ревизија коорганизираната од ИОРРСМ.

Акцискиот план и оценките на IFAC (Dashboard Report - DBR) се објавени на веб страницата на IFAC (*линк* North Macedonia jurisdictional profile; ICARNM organizational profile).




На 12 и 13 ноември 2025 година, Претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски присуствуваше на Собранието на IFAC во Мексико Сити, Мексико. Покрај официјалниот дел, настанот содржеше панел дискусии и презентации на теми поврзани со професијата, проблемите со кои се соочува професијата од аспект на намалување на интересот на новите генерации за влез во истата, значајноста на регионалната соработка помеѓу членките со акцент на соработката помеѓу земјите од Јужна Америка, новите трендови за влез на приватен капитал во сметководствената индустрија како и други актуелни теми.

Во 2025 година, IFAC организираше повеќе настани/вебинари за своите членови, а претставници на ИОРРСМ присуствуваа на следните:

- Во периодот од 18 февруари до 04 март 2025 година беа одржани серија на вебинари во организација на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA) и Меѓународниот одбор за стандарди за ревизија и уверување (IAASB) кои што беа проследени од Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ. Вебинарите служеа за запознавање и промовирање на новите стандарди и насоки за зајакнување на известувањето за одржливост, како и стандардот на IESBA за употреба на работата на експерти. Стандардите беа предвидени да овозможат јасни очекувања за етичко однесување при известување за одржливост и давање уверување за истото, да промовираат информирано донесување на одлуки базирано на доверба и независно

[1] International Federation of Accountants.

уверување во врска со информациите за одржливост, а воедно и да ги премостуваат ризиците од измами или непридржување до регулативата.

- На 3 и 4 април генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, преку видео конференциска врска присуствуваше на 2025 Chief Executive’s Forum во организација на IFAC. На настанот беа дискутирани различни теми, а посебен акцент беше даден на темите за атрактивноста на ревизорската професија и значајните измени во регулативата на известувањето за одржливост во Европа. Сето тоа во светло на тековните превирања на светските пазари, настанати како резултат на најави за воведување на тарифи од страна на САД.
- Во периодот од 18-20 ноември 2025 година беше одржана виртуелна работилница со он-лајн пристап со наслов *Global Workshops on IFRS Sustainability Disclosure Standards for Banks* во организација на IFC International Finance Corporation Wordl bank Group и партнерски организации, со цел продлабочување на разбирањето на стандардите IFRS S1 и IFRS S2 – глобална основа за известување за одржливост, како и да обезбеди практични сознанија за банкарскиот сектор. Поканата за оваа работилница беше од отворен тип и истата беше испратена до сите овластени ревизори-членови на ИОРРСМ.
- На 15.09.2025 година, на покана на International Ethics Standards Board for Accountants (IESBA), Биљана Поповска, претседател на Дисциплинската комисија на ИОРРСМ присуствуваше на еднодневна конференција во Лисабон, Португалија. Под мотото на конференцијата *Столбови на отпорност и конкурентност во турбулентни времиња*, како дел од темите беа застапени: етика во светот на регулаторни промени и трансформација на пазарот, доверба и транспарентност на пазарите за капитал, етичка култура и управување – зајакнување на отпорноста и јавната доверба во сметководствените фирми и други теми, на кои што присуствуваа повеќе од 150 учесници од Европа и САД.



До членството на ИОРРСМ беше доставена он-лајн алатка дизајнирана да им помогне на малите и средни претпријатија за да добијат придобивки од примената на одржливоста во нивната стратегија и деловното работење. Алатката со назив *The Small Business Sustainability Checklist* е креирана од страна на IFAC во соработка со Edinburgh Group и е развиена конкретно за членовите на IFAC и Edinburgh Group.

## CFRR[2]

На 10.02.2025 година, на покана на Centre For Financial Reporting reform (CFRR), претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, преку видео-конференциска врска присуствуваа на дискусија во врска со наодите и препораките од кои што би биле вклучени во нацрт Извештај (Report on the Observance of Standards and Codes Accounting and Auditing - ROSC AA), за Република Северна Македонија.






Во периодот од 17-19 март 2025 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на Министерската конференција организрана од CFRR/World Bank во Виена, Австрија. На состанокот во

[2] Centre for Financial Reporting Reform (CFRR)

официјалниот дел претседателот оствари контакти и размени искуства со другите учесници за теми од заеднички интерес за ревизорската професија. На настанот како претставници од Република Северена Македонија присуствуваа и претседателот на СУНРРСМ, Филип Василески, претседателот на ИСОС, Весна Прентоска, претставници од Економски факултет – Скопје при УКИМ, катедра за сметководство и ревизија: проф-др. Марина Трпеска и проф-др. Зорица Божиновска Лазаревска. Во рамки на конференцијата претседателот на ИОРРСМ присуствуваше на пригодна вечера за членките на IFAC од Западен Балкан и Источна Европа, која што беше организирана како настан за вмрежување и запознавање со извршниот директор на IFAC, г-дин. Lee White. Меѓудругото, претседателот на ИОРРСМ во рамки на овој настан, присуствуваше на *Форум за реформи во сметководство и ревизија* и *Работилница за известување за одржливост.*

Во периодот од 02-16 јули 2025 година, беа одржани вебинари во организација на CFRR's Regional program Enhancing Accounting, Auditing, and Sustainability Reporting Program (EAASURE) во соработка со IFRS Foundation и International Sustainability Standards Board (ISSB). Вебинарот беше одржан со цел  да се покрене свесноста за тоа како националните регулатори, креатори на политики, пазарни учесници и други засегнати страни може да ги користат ISSB стандардите за адресирање на клучни прашања во известувањата за одржливост. Поканата за учество на овој вебинар беше проследена до членството на ИОРРСМ.

Од 3-4 декември 2025 година, Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ и Љупчо Наумовски, член на Комисијата за спроведување на испитот, учествуваа на работилницата *Adapting Accounting Frameworks for SMEs and the IFRS for SMEs Accounting Standard Update - Training of Trainers Workshop,* која што се одржа во Виена Австрија, во организација на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/Светска банка. Оваа работилница беше организирана со цел да се унапреди знаењето на сметководствената професија за најновите промени во известувањето во рамките на Европската унија и да подготви релевантни обучувачи на МСФИ за мали и средни претпријатија.

Во периодот од 9-10 декември 2025 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ Бранка Стојановска и Марија Божиновски учествуваа на настан со наслов *Forum of Public Oversight Bodies* (POB Forum) во организација на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/ Светска банка во Тирана, Албанија. Настанот беше поддржан и од програмите (REPARIS for SMEs) и (EEASURE). Како клучни теми на настанот беа издвоени споделувањето на добри практики, навигација низ регулаторните предизвици и размислувања за прогресивен пристап за она што значи регулација на професијата. Беа споделени сознанија за прогресот системот за надзор на ревизијата на Република Албанија, трансформативната улога на технологијата вклучително и вештачката интелигенција и практични искуства од земјите учеснички.





## ACCA[3]

Програмата за полагање на испит за стекнување звање ревизор на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) е акредитирана од страна на Асоцијацијата за лиценцирани сметководители (ACCA – Association of

[3] Association of Chartered Certified Accountants

Chartered Certified Accountants) и истата се однесува на периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2027 година.

Членовите на ИОРРСМ, по доставена понуда од страна на АССА, имаат можност да се запишат за полагање на испитите на АССА, со промотивни финансиски услови кои важат до 31 март во тековната година. ИОРРСМ ги информира членовите на ИОРРСМ и оваа можност се однесува само за запишување на нови кандидати (членови на ИОРРСМ) за полагање на испитите на АССА.




Кандидатите кои ќе се стекнат со уверение за ревизор издадено од ИОРРСМ стекнуваат право на признавање на осум (8) од вкупно тринаесет (13) предмети од програмата за професионална квалификација на АССА.

## *Соработка со Министерство за финансии на Република Северна Македонија*

Во 2025 година, соработката воглавно се одвиваше преку доставување на релевантни информации за потребите на состанокот на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија. Информациите се доставуваат на годишна основа, како пишан материјал на македонски и англиски јазик со кој се презентира остварениот напредок во областа - Поглаавје 3.06 Право на трговски друштва, подрачје 3.06.2 Сметководство и ревизија, којшто е во делокругот на овој Поткомитет. Материјалот претставува осврт на реализираните активности и дава концизен приказ на напредокот во областа.

## *Соработка со Совет за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија (СУНРРСМ)*

Во 2025 година, СУНРРСМ даде согласност на следните акти на ИОРРСМ:

- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2025 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2025 – 2027 година.
- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- ✓ Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет за 2024/ 2025 година.
- ✓ Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година.

- ✓ Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.
- ✓ Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување испитот за стекнување звање ревизор.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ.

ИОРРСМ достави материјали и информации до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ, како и согласно одредбите на Законот за ревизија, а во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и преостанатите активности на ИОРРСМ. Во текот на годината се одржуваа состаноци за дискусија за тековни и актуелни теми.

На 9 април 2025 година, во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу Управниот одбор на ИОРРСМ и членовите на СУНРРСМ, и претставници на стручните служби. На состанокот беа дискутирани теми од заеднички интерес како важечкиот Закон за ревизија, контролата на квалитет на ревизорските услуги, предизвиците со кои што се соочуваат двете институции, како и ревизорската професија.



На 15 април 2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претседателот на СУНРРСМ Филип Василески, заедно со претставници на стручните служби, присуствуваа на настан *Отворен и кариерен ден* на покана на Универзитет Гоце Делчев – Штип. На кариерниот ден беа претставени можностите за вработување на младите, се продлабочи врската меѓу високото образование и реалниот сектор и се поттикна претприемачкиот дух кај младите преку споделување на успешни приказни од страна на компаниите.

На 10 септември и 18 декември 2025 година беа одржани состаноци на заедничката Работна група на ИОРРСМ и СУНРСМ во состав: претставници од ИОРРСМ (Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Александра Кузмановска и Антонио Велјанов, членови на Управен одбор) и претставници на СУНРРСМ (Лидија Нануш, член на СУНРРСМ и Марија Кузманов, вработена во стручната служба на СУНРРСМ). Агендата на работната група, засега има две точки: Закон за ревизија и прашања поврзани со контрола на квалитет.

Во периодот од 10-14 ноември 2025 година под покровителство на TAIEX Expert Mission & Workshop on defining Public Interest Entities (PIEs) and Best Practices for Audit Quality Control in the Transition of Responsibilities from the Institute of Certified Auditors и организатор СУНРРСМ беа одржани серија на предавања и работилници на неколку



локации како СУНРРСМ, ИОРРСМ и хотел Арка, Скопје. Предавачи на настаните беа експерти од Република Грција кои што имаа за цел да разменат искуства и знаење во врска со имплементација на директиви и регулативи од Европската унија со фокус на ентитети од јавен интерес (ЕЈИ). Беа споделени поопсежни разгледувања на рамката за вршење на ревизија на Европската унија, како и акцент на прашањето за пренесување на надлежностите за воспоставување и вршење на контрола на квалитет од професионалното тело на ревизори (ИОРРСМ) кај регулаторот (СУНРРСМ). Од страна на ИОРРСМ беа вклучени: членовите на Управниот одбор: Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Срѓан Ранѓеловиќ, Владимир

Соколовски, Генералниот секретар Татјана Тодоровска и контролорите на квалитет Бранка Стојановска и Марија Божиновски.

Во 2025 година, претставници на СУНРРСМ беа поканети како гости и учествуваа на настаните за КПУ што ги спроведува ИОРРСМ.

Од април 2015 година, Претседателот на СУНРРСМ е назначен за Претседател на Комисијата на ИОРРСМ за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор. Од 09.04.2015 година, назначен претставник на СУНРРСМ, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРСМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.







## *Соработка со професионални организации и други институции во Република Северна Македонија*

### *Соработка со Совет за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија (СУНСП)*

На 30.07.2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, одржа запознавачки состанок со новоназначениот претседател на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (СУНСП) м-р. Дарко Дачевски. Во текот на годината соработката се одвиваше преку размена на официјални информации поврзани со работата на сметководствената и ревизорската професија.

### *Соработка со Институтот на сметководители и овластени сметководители на РСМ (ИСОС)*

На 28 мај 2025 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска одржа состанок со претседателот на ИСОС Весна Прентоска, во врска со барање на поддршка за членство на ИСОС во IFAC. ИОРРСМ даде официјална поддршка за зачленувањето на ИСОС.

На 06 октомври 2025 година, на барање на ИОРРСМ беше одржан состанок со Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) на теми за дискусија поврзани со новиот Правилник за начинот на водење сметководство, прашања во врска со одложената примена на МСФИ 9, членство на ИСОС во IFAC и други теми од заеднички интерес за двете професии. На состанокот како претставници на ИОРРСМ присуствуваа претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и членови на Управниот одбор на ИОРРСМ.

На 24 ноември 2025 година, Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) во соработка со Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија (ЗВРСМ) организираше *Прв стручен симпозиум.* Настанот беше посветен на актуелните професионални и етички предизвици со кои се соочуваат сметководителите и внатрешните ревизори во услови на економска динамика и дигитална трансформација. Како говорници на настанот учествуваа професионалци од земјата и странство кои што споделија искуства и најдобри практики со присутните. Од страна на ИОРРСМ како гости на настанот присуствуваа членовите на Управниот одбор Љубица Јоанидис, Владимир Соколовски, Срѓан Ранѓеловиќ и Марјонка Николовска.

На 26 декември 2025 година, ИСОС организираше состанок за дискусија поврзана со *Насоките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финасиско известување (МСФИ) во период на ажурирање на подзаконските акти,* усвоени од Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија (СУНСП). Како

претставници на ИОРРСМ на состанокот учествуваа Јане Иванов, Владимир Соколовски, Љубица Јоанидис и Антонио Велјанов.

### *Соработка со други професионални организации и институции во земјата*

Претставник на стручната служба на ИОРРСМ, Калина Велковска, активно учествува во работна група на **Управата за финансиско разузнавање (УФР)** заради спроведување на активности за подготовка на Национална проценка за ризик од перење пари и финансирање на тероризам. На еден од состаноците преку видео-конференциска врска присуствуваше истакнат експерт од областа г-дин. Giuseppe Lombardo.

Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) во соработка со **Здружението на внатрешни ревизори на РСМ - ЗВРСМ** во текот на годината организираат заеднички КПУ настани за овластените ревизори и внатрешните ревзиори.

На 05.09.2025 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и директорката на **Централниот регистар на РСМ (ЦРРСМ)** Анита Стамнова потпишаа Меморандум за соработка, помеѓу ИОРРСМ и ЦРРСМ. Целта на Меморандумот е унапредување на соработката помеѓу двете институции во вршењето на своите законски надлежности, преку редовна и ефикасна размена на податоци и информации од нивниот делокруг на работа. Во 2025 година, ИОРРСМ и ЦРМРСМ имаа редовна комуникација за тековни прашања и развивање на модели за натамошна соработка. На 24.09.2025 година, заменик претседателот на ИОРРСМ Јане Иванов, присуствуваше на настан организиран од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија, по повод одбележувањето на 24 годишнината од основањето на институцијата.





На 7 мај 2025 година, Марјонка Николовска член на Управниот одбор на ИОРРСМ, присуствуваше на одбележувањето на 22 годишниот јубилеј на **Американскиот Универзитет на Европа – ФОН**.

На 23 мај 2025 година, ИОРРСМ беше домаќин на студенти од **Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев - Штип**, со посредство на професор Јанка Димитрова, овластен ревизор. На состанокот, Претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски разговараше со студентите и одговараше на прашања од праксата за теми кои што ги засегаа студентите кои што својата иднина ја гледаат во ревизорската и сметководствената професија.



Во периодот од 15 - 16 април 2025 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска и Марија Божиновски, на покана на друштво за ревизија **Форвис Мазарс Македонија** присуствуваа на он-лајн вебинари на тема *ESG Regulations & Practical Solutions for Business: Insights from the CEE Region*. На овие вебинари беа дискутирани ESG барањата кои што постојано се менуваат и еволуираат, особено во регионот на Европската унија. Експертите предавачи ги водеа учесниците низ клучните регулаторни барања и споделија корисни увиди на темата, засновани на искуствата од регионот на Централна и Источна Европа.

Во периодот од 7-11 јули 2025 година, на покана на **Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО)**, во рамки на Проектот за подобрување на институционалниот капацитет за финансиско известување и известување за одржливост (EEASURE) на Светската банка, Центар за реформи во финансиското известување, членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ Марјонка Николовска и Александра Кузмановска присуствуваа на едукативен настан за примена на МСФИ 17 - Договори за осигурување. Предавач на настанот беше консултантот Дарел Скот. Настанот беше наменет за подобрување на знаењето и подготовка на институциите за примена на новите регулаторни барања за сметководство и финансиско известување за договори за осигурување во Македонија.

На 12 ноември 2025 година, по повод 75 годишнината од основањето на **Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје**, како гости на свечената акадимија присуствуваа членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ: Јане Иванов, Љубица Јоанидис, Марјонка Николовска, Владимир Соколовски и Огњен Блажевски. Соработката со Економски факултет Скопје се одвиваше во рамки на воспоставена поддршка на активностите на двете институции.

Соработката со **Државниот завод за ревизија** се одвиваше преку размена релевантни информации и податоци согласно меморандумот за соработка меѓу ИОРРСМ и ДЗР.

### *Соработка со други професионални организации и институции во странство*

На 19 мај 2025 година, во Тирана Албанија, Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) потпиша Меморандум за соработка со **Институтот на овластени јавни сметководители на Албанија (IEKA)**. Договорот предвидува соработка за спроведување на акциските планови за подобрување на усогласеноста со стандардите на IFAC, обука за членовите на двете организации, прашања поврзани со спроведување на контрола на квалитет на ревизорските услуги и други прашања од заеднички интерес. Меморандумот за соработка го потпишаа Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Претседателот на IEKA, Berti Pashko.



На 20 мај 2025 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), **Здружението на внатрешни ревизори на РСМ - ЗВРСМ** (IIA Macedonia) и **Албанискиот Институт на внатерешни ревизори (IIA Albania)** организираа заедничка регионална конференција за ревизија со наслов – *The Power of Cooperation* во Тирана, Албанија. Конференцијата беше одржана во хибриден формат, односно со физичко и он-лајн присуство. За присуство на конференцијата се признаваа 8 КПУ часа за овластените ревизори и внатрешните ревизори. Конференцијата со поздравни говори ја отворија домаќините: Erald Bezhani - претседател на IIA Albania, Ненад Тортевски - претседател на ИОРРСМ и Билјана Секуловска - претседател на ЗВРСМ. На конференцијата учествуваа експерти предавачи од земјата и странство. Беа презентирани и дискутирани теми како Интергрирање на уверувањето: Подобра координација преку соработка, Како да се врши ревизија на недопирливите во една организација, Морални избори: Приказна на еден свиркач, како и обраќања на министерот за финансии на Албанија Petrit Malaj и гувернерот на Централната банка на Албанија Gent Sejko.






На конференцијата беа одржани и две панел дискусии и тоа: Панел за зајакнување на прекуграничната соработката во внатрешната ревизија со панелисти од РС Македонија, Косово и Албанија, како и панел дискусија на тема Привлекување и задржување на професионалните ревизори преку регионално партнерство, модерирана од Jelena Misita и Sarah Gagnon од IFAC, а панелисти беа Anesa Bajric, CIA, CRMA, Merita Bejtja, Albana Gjinopulli, Марија Ковачевиќ Георгиевска, Lendita Demiri, Berti Pashko - претседател на IEKA Albania, Ненад Тортевски, MSc. Ardiana Bunjaku, Zrinka Bratić и Xavier Justo.







Во 2025 година беа одржани неколку состаноци помеѓу претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и извршниот директор Eelco van der Enden и други релевантни претставници на **Accountancy Europe** за меѓусебно запознавање и условите за евентуално членство на ИОРРСМ во организацијата.

На 18.09.2025 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски одржа состанок со г-ѓа Зринка Братиќ извршен директор на **Хрватската ревизорска комора (Croatian Audit Chamber - CAC)** каде што беа дискутирани прашања од заеднички интерес и потпишувањето на меморандум за соработка помеѓу двете институции.

## *2025 година низ фотографии*






IIA


IIA


WORLD BANK GROUP







IIA





Оценка на системот за управување со квалитет


IFAC COUNCIL &
GLOBAL CONNECT
2025








BUSINESS & BEYOND
the speakers






HOTEL ARKA







# II. Активности на телата на ИОРРСМ

## Собрание

На 01 април 2025 година, се одржа 35-та седница на Собранието на ИОРРСМ, со физичко присуство во просториите на Економски факултет - Скопје. На седницата беше усвоено следното:

- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година.
- Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации.

На 6 ноември 2025 година, се одржа 36-та седница на Собранието на ИОРРСМ, со физичко присуство во просториите на Рагуза 360. Присутните членови на ИОРРСМ, со тајно гласање, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на Дисциплинската комисија заради истечен мандат на постојните членови. Новиот состав на Дисциплинската комисија е објавен на веб страницата на ИОРРСМ.

На 36-та седница на Собранието на ИОРРСМ усвои Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.

## Надзорен одбор

Во 2025 година, Надзорниот одбор на ИОРРСМ ги разгледа следните:

- Нацрт Годишната сметка на ИОРРСМ поврзана и сметководствената евиденција за 2024 година, како и други прашања за работењето на ИОРРСМ.
- Нацрт извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ИОРРСМ за 2024 година.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2024 и 2025 година.

Надзорниот одбор усвои Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2024 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ.

На 25.02.2025 година, Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, ја избира Зорица Божиновска - Лазаревска за претседател на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот на ИОРРСМ.

## Управен одбор

Во 2025 година, Управниот одбор одржа дваесет седници на кои што ги усвои/одобри следните:

- Тримесечни извештаи за работа на ИОРРСМ, доставени до СУНРРСМ и Надзорниот одбор на ИОРРСМ, заради редовно информирање.
- Препораки за зачленување на овластени ревизори во ИОРРСМ и препорака за престанок на членство во ИОРРСМ на овластен ревизор.
- Финансиски план на ИОРРСМ за 2025 година.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ за усвојување.

- Одлуки за признавање на испити согласно *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство.*
- Одлука за измени и дополнување на *Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување звање ревизор* бр. 0202-56/05 од 28.01.2025 година и пречистен текст на Правилникот.
- Одлука за измена и дополнување на *Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ* бр. 0202-56/06 од 28.01.2025 година и пречистен текст на Тарифникот.
- Одлуката за измена и дополнување на *Правилникот за вршење периодична контрола* бр. 0202-189/02 од 04.04.2025 година и Пречистен текст на Правилникот.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година и Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2025-2027 година, кои што се доставуваат до СУНРРСМ за давање согласност.
- Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2025 година.
- Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против овластен ревизор и овластен ревизор – трговец поединец за повреда на член 20-а од Законот за ревизија и други релевантни акти на ИОРРСМ, како и одлука за поведување на дисциплинска постапка против овластен ревизор за неисполнување обврска за посета на КПУ часови согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Одлука за спроведување на контрола на квалитет на член на ИОРРСМ, согласно член 19-а од Законот за ревизија, по барање на СУНРРСМ.
- Циркуларно писмо број 7 - *Насоки за континуирано следење на исполнувањето на законските услови според кои што друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се здобиле со лиценца за работа* подготвено од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.
- Одлуки за одобрување на ревидиран образец - Годишен извештај за активности (ГИА) - ревидиран октомври 2025 година и образец - Изјава за точност и комплетност на податоци во ППП образецот и ГИА.
- Упатството за начинот на доставување на податоци од страна на субјектите на контрола на квалитет.
- Одлука за одобрување на образец - Изјава за точност и комплетност на податоци во ППП образецот и ГИА.
- Годишен извештај за наодите на извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2024/2025 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Предлог за одземање на лиценца на овластени ревизори согласно член 28 од Законот за ревизија, за овластен ревизор Стоил Стоименовски.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство во ИОРРСМ за овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизија Стојчевски Куманово (ТП008), за повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за Ревизија, а согласно член 22-ѓ став (1) точка од Законот за ревизија.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за овластен ревизор Надица Стојчевска (ОР 112), заради повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за ревизија, а согласно член 22-а став (1) точка 3) од Законот за ревизија.
- Предлог одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци (бр. 0201-387/03 од 21.12.2018 година.), за доставување до Собранието на ИОРРСМ за усвојување.

- Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година. Годишната програма се доставува до СУННРСМ за добивање на согласност.
- Прирачник за континуирано професионално усовршување, на предлог на Комисијата за образование, обука и публикации.
- Одлука за именување на претседател на Дисциплинска комисија на ИОРРСМ.

Управниот одбор разгледа извештаи од контролата на квалитет, кои што согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија ги достави до СУНРРСМ.

Управниот одбор на ИОРРСМ ги разгледа следните документи кои што се доставуваат до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и во однос на преостанатите активности на ИОРРСМ:

- Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2025/2026 година и Термински план.
- Ажурирања на Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година и Терминскиот план.
- кварталните извештаи за спроведување на контроли на квалитет, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување,
- информациите од Комисија за контрола на квалитет за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци кај кои што контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за полугодишно известување, и
- други мислења и насоки на Комисијата за контрола на квалитетот.

Ги разгледа Планот за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2025 година и Извештаите за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитната сесија септември - октомври 2024 година, декември 2024 година и јуни/јули 2025, доставени од страна на Комисијата за спроведување на испитот; Извештајот за спроведување на КПУ во 2024 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации; како и Извештајот за периодична контрола во 2025 година.

Управниот одбор разгледуваше огласи за повторно објавување, а за кои што немаше пријавени апликанти во 2024 година, заради повторно објавување за позициите: Службеник за административна поддршка на контролата на квалитет и Стручно лице за професионална поддршка на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци за прашања од интерес на вршење на дејноста.

Управниот одбор разгледуваше предлози и барања доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## ➢ Комисии на ИОРРСМ

### 1. *Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори*

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше доставени документи во рамките на спроведување на периодична контрола во 2025 година на друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци, согласно *Правилникот за начин и постапка за вршење периодична контрола*, и усвои Извештај за периодична контрола во 2025 година кој што е доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Разгледа доставени барања за зачленување во ИОРРСМ и до Управниот одбор достави Препораки за зачленување на нови овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

- Разгледа доставени барања за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препораки за престанок на членство во ИОРРСМ за овластени ревизори.
- Разгледа доставени барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство. По спроведена постапка согласно *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство*, достави предлози до Управниот одбор на ИОРРСМ за издавање уверенија за ревизор за баратели кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Усвои известувања до Управниот одбор на ИОРРСМ за лицата кои ги положиле сите испити согласно *Програмата за полагање на испитот за стекнување звање ревизор* и стекнале право за добивање уверение за ревизор.
- Усвои предлог Циркуларно писмо бр. 7 во врска со усогласеност со член 24 и 25 од Законот за ревизија.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања согласно надлежностите на Комисијата уредени со Статутот и релевантните правилници.

## 2. Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги подготви и усвои:

- Предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2025 година и предлог Тригодишна програма за работа на Комисијата за периодот 2025 – 2027 година за доставување до Управен одбор за усвојување.
- Квартални извештаи за извршените контроли и Полугодишни извештаи за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои контрола на квалитет не била извршена во период подолг од три години, како и други известувања, за редовно известување до СУНРРСМ.
- Ревидиран термински план на контрола на квалитет за 2024/2025 година, поради постапување по одлуката на Управниот одбор бр. 0202-294/5 од 10.06.2025 година, за спроведување на контрола на квалитет на член на ИОРССМ согласно член 19-а од Законот за ревизија.
- Годишен план за контрола на квалитет за 2025/2026 година со термински план.
- Предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2024/2025 година.
- Усвои Предлог Одлука за измени и дополнување на Правилникот за контрола на квалитет, во контекст на усогласување со новите стандарди (МСР, МСУК1, МСУК2 итн.)
- Во рамките на постапката за контрола на квалитет, до друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци се достави барање за доставување на годишни податоци до 15.06.2025 и ажурирани годишни податоци со состојба на 30.09.2025 година, преку пополнување на образец Годишен извештај на активности и образец Прашалник за прелиминарни податоци.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања, извршуваше активности поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 и 2025/2026 година и разгледуваше други прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот и релевантните акти. Од 20 јануари 2025 година, во ИОРРСМ е вработен втор контролор на квалитет. Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 и 2025/2026 година

Од 09.04.2015 година, назначен претставник на СУНРРСМ, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРСМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.

### *3. Дисциплинска комисија*

Дисциплинската комисија врз основа на одлуки на Управниот одбор за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ, спроведува дисциплински постапки согласно *Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите*, Статутот на ИОРРСМ и Законот за ревизија, односно:

- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор – трговец поединец заради повреда на член 20-а од Законот за ревизија и други релевантни акти на ИОРРСМ. Врз основа на Заклучок од доказната постапка, Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Времено исклучување од членство за период од три години, поради повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за ревизија.
- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор заради повреда на член 20-а од Законот за ревизија и други релевантни акти на ИОРРСМ. Врз основа на Заклучок од доказната постапка, Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Јавна опомена, поради повреда на член 20-а од став (2) точка 3) од Законот за ревизија.
- Спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластени ревизори кои не ја исполниле законската обврска да посетуваат обука од најмалку 120 часа за период од три години (2022, 2023 и 2024 година), односно најмалку 30 часа годишно (во 2024 година) во рамките на континуирано професионално усовршување, согласно член 28 од Законот за ревизија.

Дисциплинската комисија разгледуваше и други актуелни прашања согласно надлежностите на Комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

### *4. Комисија за образование, обука и публикации*

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Ги одобри тримесечните изданија на Билтенот на ИОРРСМ, кој што преку е-пошта се доставува до членовите на ИОРРСМ.
- Подготви и усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2024 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Подготви предлог Годишна програма за континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2025 година, со предлог за начинот/форматот за спроведување. При тоа, беа земени предвид препораките за Комисијата за образование, обука и публикации во Годишниот извештај за проверки на контрола на квалитет за 2023/2024 година, евалуациите на учесниците на настаните за КПУ одржани во 2024 година и други релевантни информации и податоци.
- Спроведе подготвителни активности за настаните согласно Годишната програма за КПУ за 2025 година и разгледуваше прашања поврзани со организирање и спроведување на настаните за КПУ.
- Усвои информација во врска со годишна и тригодишна евиденција за остварени КПУ часови за овластени ревизори за период 2024-2023-2022 година, согласно член 28 од Законот за ревизија за доставување до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Подготви предлог Прирачник за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори кој што се доставува до Управниот одбор за усвојување.
- Утврди презентации за електронско спроведување на КПУ (8 КПУ часа) за 2025 година, што се спроведе во декември 2025 година, како и презентации за

дополнителни КПУ часови за 2025 година по барање на членови на ИОРРСМ кои се на подолг престој во странство согласно член 11 од Прирачникот за КПУ.

- Утврди настани за КПУ кои што ќе бидат повторно понудени за следење, како КПУ настани за 2025 година, само за лица кои не биле во можност да учествуваат на настаните при нивното првично спроведување. Настаните беа понудени во декември 2025 година.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство и подготви Мислења за утврдување адекватност/веродостојност на програма според која кандидатот стекнал квалификација ревизор во странство.

Комисијата за образование, обука и публикации разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *5. Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор*

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор:

- Подготви и донесе План за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2025 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ, кандидатите за полагање испит и објавен е на веб страницата на ИОРРСМ.
- Разгледуваше барања за полагање на испитот со потребната придружна документација доставени од страна на заинтересираните кандидати по објавен Повик за пријавување на кандидати за полагање на испитот, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Извршуваше подготвителни активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитните сесии јуни/јули 2025 година, септември/октомври 2025 година и декември 2025 година. Меѓудругото, назначи коодинатор и набљудувачи, и оценувачи за трите испитни сесии посебно, и ги утврди датумите за полагање на испитите.
- Ги разгледа извештаите за резултатите од спроведување на испитот, подготвени од страна на координаторот на испитот, и ги утврди резултатите од испитните сесии што се одржаа во декември 2024 година, јуни/јули 2025 година и септември/октомври 2025 година.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидати кои го полагаа испитот.
- Подготви и усвои извештаи за спроведувањето на испитот за стекнување на звање ревизор во испитните сесии декември 2025 година, јуни/јули 2025 година и септември/октомври 2025 година, доставени до Управниот одбор на ИОРРСМ и списоци на кандидати кои ги положиле сите испити од *Програмата за полагање на испитот за стекнување звање ревизор* за понатамошна постапка за издавање уверение за ревизор.
- Усвои Извештај за положен испит од областа законска регулатива во Република Северна Македонија за кандидати кои се во постапка на признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Усвои Предлог до Управниот одбор во врска со измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.

### *6. Комисијата за стандарди за ревизија*

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Ги разгледа постојните циркуларни писма произлезени од комисијата во контекст на новонастанатите услови во регулативата (нови/ажурирани МСР и други релевантни соопштенија на IFAC, како и Меѓународен кодекс на етика објавени во Службен весник на РСМ бр. 273/2024), за подготовка на нови или доколку е применливо ажурирање на постојните циркуларни писма.
- Подготви предлог текст на ажурирани и нови циркуларни писма, доставени до Управниот одбор на ИОРРСМ за усвојување.
- Започна постапката за одобрување на ажурирање/превод на МСР и другите релевантни соопштенија на IFAC, како и Меѓународен кодекс на етика, согласно IAASB HB 2025 и IESBA HB 2025, во согласност со процедурите пропишани од IFAC.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *7. Комисијата за сметководствени стандарди*

Комисијата за сметководствени стандарди не одржа состаноци во 2025 година.

## III. Управни и други судски спорови

<u>Управни спорови</u>

Во рамки на овој годишен извештаен период за 2025 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход од страна на судските органи.

## IV. Финансиски информации

Во 2025 година, ИОРРСМ оствари приходи од членарина за овластените ревизори, членарина за друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, спроведување на КПУ за овластени ревизори, спроведување на постапка за признавање на квалификација ревизор стекната во странство, контрола на квалитет и друго.

Подолу е дадена табела со споредбени информации во однос на Финансискиот план на ИОРРСМ за 2025 година и реализираните приходи и расходи во 2025 година, споредбен податок со 2024 година, учество на приходи/расходи по одделни ставки во вкупните приходи/расходи, и процент на реализирано во однос на планирано за 2025 година.

| | Приходи | Број на лица | Износ по лице | Коментар | Вкупно планирано 2025 | Вкупно реализирано 2025 | Вкупно реализирано 2024 година | Реализирано 2025 во однос на 2024 (отстапување) | Реализирано 2025 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни приходи 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (денари) | | | | (денари) | % | % | % |
| 1 | **Приходи** | | | | | | | | | |
| 1,1 | Членарина за овластени ревизори | 203 | 9.000 | | 1.800.000 | 1.791.000 | 1.182.000 | 51,5% | -0,5% | 9% |
| 1,2 | Членарина за друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци | *1% од вкупни приходи во претходната година* | | | 12.000.000 | 12.784.534 | 9.369.727 | 36,4% | 6,5% | 65% |
| 1,3 | Надомест за полагање на испит за стекнување звање ревизор | 140 | 9.200 | *4 испитни сесии* | 1.288.000 | 870.400 | 892.200 | -2,4% | -32,4% | 4% |
| 1,4 | Надомест за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство | 3 | 64.400 | | 322.000 | 257.600 | - | - | -20,0% | 1% |
| 1,5 | Семинари | | | | 300.000 | 229.500 | 307.500 | -25,4% | -23,5% | 1% |
| 1,6 | Континуирано професионално усовршување | 203 | 15.000 | | 3.000.000 | 3.244.575 | 3.548.875 | -8,6% | 8,2% | 17% |
| 1,7 | Контрола на квалитет | | | | 500.000 | 172.050 | 748.350 | -77,0% | -65,6% | 1% |
| 1,8 | Стручна литература | | | | 100.000 | 111.200 | 118.400 | -6,1% | 11,2% | 1% |
| 1,9 | Останати приходи | | | | 120.000 | 179.312 | 267.370 | -32,9% | 49,4% | 1% |
| | **Вкупно приходи** | | | | **19.430.000** | **19.640.171** | **16.434.422** | | **1,1%** | **100%** |

| | Расходи | % од приходи | | Коментар | Вкупно планирано 2025 | Вкупно реализирано 2025 | Вкупно реализирано 2024 година | Реализирано 2025 во однос на 2024 (отстапување) | Реализирано 2025 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни расходи 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | (денари) | % | % | % |
| 2 | **Расходи** | | | | | | | | | |
| 2,1 | Бруто плати и надоместоци | | | | 9.500.000 | 9.440.862 | 5.937.359 | 59,0% | -0,6% | 49% |
| 2,2 | Расходи за испитот | | | | 922.800 | 571.690 | **511.347** | 11,8% | -38,0% | 3% |
| *2,2,1* | *Расходи за спроведување на испит* | *70,00%* | | *(% од 1.3)* | *772.800* | *463.168* | *458.521* | 1,0% | -40,1% | 2% |
| *2,2,2* | *Расходи за подготвување база на прашања* | | | | *150.000* | *108.522* | *52.826* | 105,4% | -27,7% | 1% |
| 2,3 | Расходи за семинари | 60,00% | | (% од 1.5) | 180.000 | 146.414 | 213.763 | -31,5% | -18,7% | 1% |
| 2,4 | Расход за контрола на квалитетот | | | | 110.000 | 314.937 | 50.839 | 519,5% | 186,3% | 2% |
| 2,5 | Расход за КПУ | 70,00% | | (% од 1.6) | 1.800.000 | 2.319.125 | 1.651.961 | 40,4% | 28,8% | 12% |
| 2,6 | Стручна литература | | | | 25.000 | 9.912 | 24.072 | -58,8% | -60,4% | 0% |
| 2,7 | Ажурирање на превод на МСР и Кодекс на етика во Службен весник на РСМ | | | | 300.000 | 0 | 884.348 | -100,0% | -100,0% | 0% |
| 2,7,1 | Објавување на МСР и Кодекс на етика во Сл. весник на РСМ | | | | 600.000 | 400.000 | 497.620 | -19,6% | -33,3% | 2% |
| 2,8 | Канцелариски трошоци | | | | 55.000 | 48.052 | 50.653 | -5,1% | -12,6% | 0% |
| 2,9 | Административни трошоци | | | | 280.000 | 256.332 | 218.575 | 17,3% | -8,5% | 1% |
| 2,10 | Телекомуникациски услуги и пошта | | | | 35.000 | 23.415 | 31.152 | -24,8% | -33,1% | 0% |
| 2,11 | Одржување на состаноци на телата на ИОРРСМ | | | | 1.024.000 | 847.523 | **1.115.829** | -24,0% | -17,2% | 4% |
| *2,11,1* | *Собрание* | | | | *50.000* | *38.940* | *51.411* | -24,3% | -22,1% | 0% |
| *2,11,2* | *Управен одбор* | | | | *300.000* | *174.000* | *330.672* | -47,4% | -42,0% | 1% |
| *2,11,3* | *Надзорен одбор* | | | | *50.000* | *30.000* | *48.462* | -38,1% | -40,0% | 0% |
| *2,11,4* | *Комисија за сметководствени стандарди* | | | | *9.000* | *0* | *8.888* | -100,0% | -100,0% | 0% |
| *2,11,5* | *Комисија за стандарди за ревизија* | | | | *60.000* | *50.000* | *79.995* | -37,5% | -16,7% | 0% |
| *2,11,6* | *Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори* | | | | *70.000* | *56.145* | *68.412* | -17,9% | -19,8% | 0% |
| *2,11,7* | *Комисија за контрола на квалитет* | | | | *50.000* | *92.000* | *51.106* | 80,0% | 84,0% | 0% |
| *2,11,8* | *Комисија за образование, обука и публикации* | | | | *65.000* | *34.000* | *66.660* | -49,0% | -47,7% | 0% |
| *2,11,9* | *Комисија за спроведување на испит* | | | | *200.000* | *148.000* | *155.550* | -4,9% | -26,0% | 1% |
| *2,11,10* | *Дисциплинска комисија* | | | | *40.000* | *42.000* | *88.222* | -52,4% | 5,0% | 0% |
| *2,11,11* | *Други трошоци за состаноци* | | | | *130.000* | *182.438* | *166.451* | 9,6% | 40,3% | 1% |
| 2,12 | Комуналии | | | | 600.000 | 579.267 | 467.845 | 23,8% | -3,5% | 3% |
| 2,13 | Ревизија на финансиски извештаи на ИОРРСМ | | | | 220.000 | 224.184 | 232.257 | -3,5% | 1,9% | 1% |
| 2,14 | Совет за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ | *15% од вкупни приходи од претходна година* | | | 2.465.163 | 2.465.163 | 2.228.997 | 10,6% | 0,0% | 13% |
| 2,15 | Учество на меѓународни конференции и настани во земјата и странство | | | | 400.000 | 271.931 | 116.234 | 134,0% | -32,0% | 1% |
| 2,16 | Членарина и други трошоци поврзани со членство во IFAC | | | | 298.000 | 297.878 | 285.056 | 4,5% | 0,0% | 2% |
| 2,17 | Зголемување на деловен фонд | | | | 300.000 | 136.641 | 311.364 | -56,1% | -54,5% | 1% |
| 2,18 | **Вкупно 2.1 - 2.17** | | | | **19.114.963** | **18.353.326** | **14.829.271** | **23,8%** | **-4,0%** | **95%** |
| 2,19 | Други и непредвидени трошоци (% од 2.18) | 5,00% | | | 955.748 | 1.029.015 | 868.415 | 18,5% | 7,7% | 5% |
| | **Вкупни расходи** | | | | **20.070.711** | **19.382.341** | **15.697.686** | **23,5%** | **-3,4%** | **100%** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Нето приходи** | | | | **-640.711** | **257.830** | **736.736** | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Дополнителни информации:** | | | | | | |
| 3,1 | Пренесени дел на вишокот на приходи од претходните години | | | | | 13.119.321 | 12.382.585 |
| 3,2 | Депозити | | | | | 11.000.000 | 11.000.000 |

## *Позначајни отстапувања помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи за 2025 година*

### 1. Приходи

**1.3. Надомест за полагање на испит за стекнување звање ревизор**. Отстапување од - 32,4% се должи на тоа што беа спроведени три испитни сесии, наспроти планираните четири испитни сесии. Не беше спроведна вонредна испитна сесија во март 2025 година, заради финализирање на административната постапка за имплементација на измени на актите на ИОРРСМ и следствено неможност да се запазат роковите за спроведување на испитната сесија.

**1.7. Контрола на квалитет.** Отстапување од -65,6% се должи на неможноста прецизно да се предвиди бројот, опфатот и изборот на субјекти за проверка на контрола на квалитет во текот на годината, особено во периодот од септември до декември, бидејќи Годишниот план за контрола на квалитет се носи во месец јули.

**1.9. Останати приходи.** Отстапување од 49,4% се должи на зголемени приходи по основ на камата на орочен денарски депозит, а заради поголеми каматни стапки.

### 2. Расходи

**2.2. Расходи за испит.** Отстапување од -38% се должи на тоа што беа спроведени три испитни сесии, наспроти планираните четири испитни сесии. Не беше спроведна вонредна испитна сесија во март 2025 година, заради финализирање на административната постапка за имплементација на измени на актите на ИОРРСМ и следствено неможност да се запазат роковите за спроведување на испитната сесија, како и намалена потреба за подготовка на нови испитни прашања согласно пријавените испити за полагање.

**2.4. Расходи за контрола на квалитет.** Отстапување од 186,3% се должи на неможноста да се предвиди бројот и опфатот на проверки за контрола на квалитет во текот на годината, особено во периодот од септември до декември, како и локацијата каде што ќе се врши контролата, бидејќи Годишниот план за контрола на квалитет се носи во месец јули. Во 2025 година беше спроведена обука за контролорите на квалитет согласно барања на Законот за ревизија и започна постапка на прибавување податоци од ЦРРСМ за потребите на верификување на податоци поврзани со контролата на квалитет.

**2.6 Стручна литература**. Отстапување од 60,4% се должи на поголем број подготвени материјали, а заради зголемен интерес од страна на кандидатите за набавка на материјали за полагање на испитот.

**2.7. Ажурирање на превод на МСР и Меѓународен кодекс на етика.** Отстапување од -100% се должи на нереализирано ажурирање/превод на МСР и кодексот во 2025 година.

**2.7.1 Објавување на превод на МСР и Меѓународен кодекс на етика во Службен весник на РСМ.** Отстапување од -33,3% се должи на нереализирано ново објавување во 'Службен весник на РСМ'. Платена е втората рата од објавата во 'Службен весник на РСМ' на 30 декември 2024 година.

**2.10. Телекомуникациски услуги и пошта.** Отстапување од -33,1% се должи на намалени трошоци за испраќање на редовна пошта заради подготовка на електронски документи со дигитален потпис.

**2.15. Учество на меѓународни конференции.** Отстапување од -32% се должи на учество на настани реализирани преку видео конференции и други он-лајн настани, и помал обем на учество на вакви настани со физичко присуство.

**2.17. Зголемување на деловен фонд.** Отстапување од -54,5% се должи на одложени набавки на основни средства за 2026 година.

## V. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година

| Планирана активност | Статус на реализирана активност |
|---|---|
| 1. Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Реализирано. |
| 2. Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2025 година. | Реализирано. |
| 3. Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година. | Реализирано. |
| 4. Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2025 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Реализирано. |
| 5. Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување, практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Реализирано. |
| 6. Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Реализирано. |
| 7. Донесување на годишна и тригодишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Реализирано. |
| 8. Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Реализирано. |
| 9. Континуирано усогласување/преведување на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на IFAC. | Нереализирано. Измените на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот кодекс на етика (издание 2025) ќе се преведуваат во 2026 година. |
| 10. Објавување во ‘Службен весник на РСМ‘ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на IFAC. | Нереализирано. Измените на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за управување со квалитет и други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот кодекс на етика (издание 2025) ќе се објават во 2026 година. |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Реализирано. |
| 12. | Промовирање на МСР и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. |
| 13. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 14. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ и ажурирање на информациите објавени на веб страницата на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 15. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Реализирано. |
| 16. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Реализирано. |
| 17. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година. | Реализирано. |
| 18. | Други работи и активности кои ќе произлезат согласно законските надлежности на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 19. | Ажурирање на Акцискиот план за усогласеност со Стандардите за обврски за членство на IFAC. | Реализацијата е во тек, со прилагодување на промена на процедурите на IFAC. |

**Ненад Тортевски**
**Претседател на ИОРРСМ**